*Број: 02 - 18660/2*
*30.01.2012 година*
*С к о п ј е*

**ЗАПИСНИК**
**од CVI -та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**

*одржана на 15.12.2011 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- *Јован Грповски, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска, претставник на Стопанската комора на Македонија – член;*
- *Д-р Јосиф Трајковски, претставник на Стоматолошката комора на Македонија – член.*
- *Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија – член;*

**Отсутни членови на Управниот одбор:**

- *Проф. Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија – член.*

**Присутни од ФЗОМ:**

- *М-р Маја Парнарџиева – Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Виолета Петровска, ВД директор на ФЗОМ;*

- *М-р Златко Алексов – директор на секторот за јавни набавки (делумно присутен);*
- *М-р Татјана Лукановска – директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори и водеше претседателот на Управниот одбор Јован Грповски. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го прочита претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од CIII-та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2011 година;*
- *Усвојување на записникот од CIV-та седница на Управниот одбор одржана на 10.10.2011 година;*
- *Усвојување на записникот од CV-та седница на Управниот одбор одржана на 31.10.2011 година;*
- *Информација за ликвидноста и извршувањето на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

1. *Предлог за донесување на нов Статут на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Извештај од Комисијата за следење на состојбата на користење на ортопедски и други помагала;*
4. *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за ангажирање на надворешни членови на Лекарските комисии во Подрачната служба Скопје за вршење на проверка на функционалност на ортопедски помагала;*
6. *Предлог за донесување Тарифник за услугите на Фондот при обезбедување на документи по службена должност;*
7. *Предлог за донесување на нова Одлука за утврдување на надомест за издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување и надомест за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување;*

8. *Предлог за донесување Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог референтни цени за лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на одлуката за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба;*
11. *Предлог за донесување на Правилник за начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Анализа на остварувањето на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот април - јуни 2011 година;*
13. *Анализа на остварувањето на планираниот специфичен вид и обем на здравствени услуги за третиот квартал на 2011 година;*
14. *Предлог за изменување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година;*
15. *Предлог за утврдување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година;*
16. *Предлог за изменување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот;*
17. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година;*
18. *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита;*
19. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита;*
20. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на*

*плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, превентивна здравствена заштита и итна медицинска помош со домашно лекување;*

21. *Предлог за изменување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
22. *Предлог за утврдување на рамковниот договор за приватните здравствени установи за пациенти упатени на лекување во странство;*
23. *Информација за имотот стекнат во стечајни постапки и Акциски план за негова продажба;*
24. *Разгледување на барањето на финансиска позајмица од стечајниот управник на АД Оранжерии – Куманово;*
25. *Разгледување на понудите за откуп на уделите на ФЗОМ во друштвото Методи Митевски Брицо од село Чешиново и во ДПТУ Полједелство од село Таринци;*
26. *Анализа за реализацијата на средствата од буџетот на ФЗОМ и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари – септември 2011 година; - информативно*
27. *Анализа на остварени цели во јавните здравствени установи и приватните; - информативно*
28. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2011 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
29. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на обрасци со утврдување на нов образец „Упат за сервисни услуги“;*
30. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита;*
31. *Приговор за изречена дисциплинска казна од Трендафилка Пановска од ПС Пробиштип;*
32. *Разно.*

*Потоа праша дали има и други предлози за разгледување на седницата. Бидејќи немаше други предлози, Управниот одбор едногласно го усвои предложениот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од CIII-та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2011 година;*

- *Усвојување на записникот од CIV-та седница на Управниот одбор одржана на 10.10.2011 година;*
- *Усвојување на записникот од CV-та седница на Управниот одбор одржана на 31.10.2011 година;*
- *Информација за ликвидноста и извршувањето на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

1. *Предлог за донесување на нов Статут на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Извештај од Комисијата за следење на состојбата на користење на ортопедски и други помагала;*
4. *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за ангажирање на надворешни членови на Лекарските комисии во Подрачната служба Скопје за вршење на проверка на функционалност на ортопедски помагала;*
6. *Предлог за донесување Тарифник за услугите на Фондот при обезбедување на документи по службена должност;*
7. *Предлог за донесување на нова Одлука за утврдување на надомест за издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување и надомест за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување;*
8. *Предлог за донесување Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог референтни цени за лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на одлуката за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба;*
11. *Предлог за донесување на Правилник за начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Анализа на остварувањето на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот април - јуни 2011 година;*

13. *Анализа на остварувањето на планираниот специфичен вид и обем на здравствени услуги за третиот квартал на 2011 година;*
14. *Предлог за изменување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година;*
15. *Предлог за утврдување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година;*
16. *Предлог за изменување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот;*
17. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година;*
18. *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита;*
19. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита;*
20. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, превентивна здравствена заштита и итна медицинска помош со домашно лекување;*
21. *Предлог за изменување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
22. *Предлог за утврдување на рамковниот договор за приватните здравствени установи за пациенти упатени на лекување во странство;*
23. *Информација за имотот стекнат во стечајни постапки и Акциски план за негова продажба;*
24. *Разгледување на барањето на финансиска позајмица од стечајниот управник на АД Оранжерии – Куманово;*
25. *Разгледување на понудите за откуп на уделите на ФЗОМ во друштвото Методи Митевски Брицо од село Чешиново и во ДПТУ Полједелство од село Таринци;*

*26. Анализа за реализацијата на средствата од буџетот на ФЗОМ и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари – септември 2011 година; - информативно*
*27. Анализа на остварени цели во јавните здравствени установи и приватните; - информативно*
*28. Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2011 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*29. Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на обрасци со утврдување на нов образец „Упат за сервисни услуги";*
*30. Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита;*
*31. Приговор за изречена дисциплинска казна од Трендафилка Пановска од ПС Пробиштип;*
*32. Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред, по редоследот како што е забележано во записникот.*

- *Усвојување на записникот од CIII-та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2011 година;*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно го усвои записникот од CIII-та седница.*

- *Усвојување на записникот од CIV-та седница на Управниот одбор одржана на 10.10.2011 година;*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно го усвои записникот од CIV-та седница.*

- *Усвојување на записникот од CV-та седница на Управниот одбор одржана на 31.10.2011 година;*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно го усвои записникот од CV-та седница.*

*- Ликвидност и извршување на буџетот на ФЗОМ*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, директорката Парнарџиева – Змејкова го запозна Управниот одбор со актуелната состојба на ликвидноста на Фондот.*

***ТОЧКА 1*** *– Предлог за донесување на нов Статут на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Претседателот на Управниот одбор Јован Грповски истакна дека предлог текстот на новиот статут им е познат на членовите на Управниот одбор бидејќи беше поделен пред неколку месеци и по него веќе се расправаше, па побара Управниот одбор да гласа за негово донесување.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот по што Управниот одбор едногласно донесе нов*

***Статут на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 2 -*** *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во рамките на втората точка од дневниот ред, претседателот Јован Грповски како претседател на конкурсната комисија за спроведување на конкурсот за именување на директор на Фондот ги запозна членовите на Управниот одбор дека комисијата пред почетокот на оваа седница одржа состанок. На состанокот беа разгледани пристигнатите пријави по конкурсот кој беше објавен на 21 октомври 2011 година. Комисијата за ова состави записник кој се доставува на Управниот одбор. Обврска на Управниот одбор е оваа листа да ја достави на министерот за здравство кој согласно законот за здравственото осигурување треба до Владата на Република Македонија да достави предлог за именување на директор на Фондот.*

*Управниот одбор ја разгледа листата на пријавени кандидати по што едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Листата на кандидати да се достави на министерот за здравство заради негово постапување согласно законските прописи.*

***ТОЧКА 3*** *– Извештај од Комисијата за следење на состојбата на користење на ортопедски и други помагала*

*Извештајот од Комисијата за следење на состојбата на користење на ортопедски и други помагала пред Управниот одбор го изложи директорката Петровска која е и претседател на комисијата. Во излагањето се осврна на законската и подзаконската регулатива за остварување на правата на помагала и за утврдување на референтни цени на помагалата. Потоа го запозна Управниот одбор со работата на комисијата за утврдување на нови*

*цени на ортопедски и други помагала и различните состојби со одделните видови на помагала со кои комисијата се соочила.*

***ТОЧКА 4 -*** *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала*

*Во врска со извештајот од точка 3 на дневниот ред, Управнниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***

***за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала***

*со кој се извршија измени и дополнувања согласно кои при утврдувањето на референтната цена на помагалата, нивната цена во Република Македонија се споредува со најниската цена од референтните земји, за разлика од досегашната методологија која предвидуваше споредување на цената во земјата со просекот на цените од референтните земји.*

***ТОЧКА 5*** *– Предлог за донесување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за ангажирање на надворешни членови на Лекарските комисии во Подрачната служба Скопје за вршење на проверка на функционалност на ортопедски помагала*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека проверката на функционалност ја врши Лекарската комисија на Фондот во рок од 15 дена од испораката на истите, по што писмено потврдува дека испорачаното помагало ги задоволува потребите на осигуреното лице односно е исправно и осигуреното лице е корисник на испорачаното помагало. Проверката на функционалноста во Подрачната служба Скопје се врши од страна на Лекарска комисија составена од вработени во Фондот. Меѓутоа, поради специфичните знаења потребни за помагалата, се укажа потреба и од ангажирање на лекари од соодветна специјалност, ортопеди односно физијатри. Овие надворешни членови од Лекарската комисија не остваруваат паричен приход (плата) за пружените услуги и стручно мислење а на барање на Фондот се предложени од Здравствениот дом Скопје. Со цел да им се даде приоритет на осигурениците истите се задолжуваат да присуствуваат во договорените термини во ортопедските куќи и болници каде се врши подигањето на ортопедското помагало. За ангажманот на овие лекарите специјалисти во Лекарските комисии потребно е да се утврди надоместна кој начин соодветно би била платена нивната услуга и потрошените средства за сопствен превоз со што ќе се задржи нивната мотивираност за вршење на корисната улога што ја имаат за Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на надоместокот за ангажирање на надворешни членови на Лекарските комисии во ПС Скопје за вршење на проверка на функционалност на ортопедски помагала***

***ТОЧКА 6*** *– Предлог за донесување Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека Комисијата за утврдување на референтни цени на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот ги разгледала пристигнатите барања за измени на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови. Барањата се однесуваат на додавање на новорегистрирани заштитени имиња и на бришење на лекови кои нема повеќе да се произведуваат или дистрибуираат. Со оглед на тоа дека додавањето на новорегистрирани заштитени имиња во Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови нема да предизвика промена на утврдените референтни цени на останатите лекови од таа генерика, а го зголемува изборот на лекови за осигурениците, се предлага нивно додавање во Одлуката. Бришењето на лекови кои нема повеќе да се произведуваат или дистрибуираат исто така нема да предизвика промена на утврдените референтни цени на останатите лекови од таа генерика.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија предложените измени и дополнувања.*

***ТОЧКА 7*** *– Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог референтни цени за лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Управниот одбор врз основа образложениот предлог од работниот материјал за седницата едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на предлог референтни цени за лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се утврдија предлог референтни цени на лекови согласно Одлуката на за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот објавена во Службен весник на РМ број 158 од 2011 година и Правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови.*

***ТОЧКА 8***– *Предлог за донесување на Одлука за изменување на одлуката за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека измените се предлагаат заради усогласување на Одлуката за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба со Одлуката за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија од 31.10.2011 година со која кај три АТС кодови беше променет режимот на препишување и индикациите за издавање на лековите.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на одлуката за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба***

*со која се извршија предложените измени.*

***ТОЧКА 9***– *Предлог за донесување на Правилник за начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека за првпат е подготвен подзаконски акт што се однесува на Листата на лекови на товар на Фондот кој прецизно ја уредува постапката за вклучување на лекови во листата. Со него ќе се отстранат нејаснотиите кој може да предложи промени во Листата, каква документација треба да поднесе и како по предлозите треба да се постапи.*

*По објаснувањето, имајќи го во вид работниот материјал во врска со оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

**Правилник**
**за начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

***ТОЧКА 10***– *Анализа на остварувањето на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот април - јуни 2011 година*

*Анализата пред Управниот одбор ја изложија Директорката Парнарџиева – Змејкова и Татјана Лукановска. Наведоа дека согласно подзаконските акти Фондот врши корекции на надоместоците на јавните здравствени установи врз основа на анализи. Врз основа на остварувањето на вкупната вредност на извршените здравствени услуги на јавните здравствени услуги во однос на договорениот надоместок, се предлага Управниот одбор да го усвои коригираниот индекс на остварување на вкупната вредност на видот и обемот на здравствени услуги даден во анализата. Соодветно на корегираниот индекс на остварување и променливиот дел од договорениот надоместок (20%), се предлага намалување на договорениот надоместок за вториот квартал 2011 година за јавните здравствените установи во вкупен износ од 33,2 милиони денари. Во Анализата се опфатени и средствата што Фондот ги рефундира на осигурените лица за набавени вградени материјали и други медицински материјали како и средствата за користење на превоз за лица што се на дијализа, што осигурените лица ги платиле со сопствени средства. Согласно склучените договори, медицинските потрошни материјалите и превозот за осигурените лица на дијализа се вклучени во утврдените цени на соодветните здравствени услуги и истите треба да бидат обезбедени од здравствените установи. Имајќи предвид дека здравствените установи во целост не ги пружиле здравствените услуги, Фондот врши корекција на утврдените договорни надоместоци согласно направените рефундации за секоја здравствена установа пооделно. Вкупната вредност на рефундираните средства за медицински потрошни материјали и за превоз за дијализа во вториот квартал 2011 година е во износ од 18.543.753 денари и истите се предлагаат за намалување од здравствените установи.*

***ТОЧКА 11***– *Анализа на остварувањето на планираниот специфичен вид и обем на здравствени услуги за третиот квартал на 2011 година*

*Татјана Лукановска објасни дека со склучувањето на новите договори со здравствените установи за обезбедување и извршување на здравствените*

*услуги на осигурените лица за периодот април 2011 до март 2012 година, покрај планот за видот и обемот на здравствени услуги кои здравствените установи треба да ги извршат во текот на договорниот период, од интерес за осигурените лица се подготви и посебен план за специфичен (определен минимален) вид и обем, кај дел од здравствените установи. Остварувањето на овој специфичен вид и обем на здравствени услуги е директно поврзан со износот на договорениот надоместок за видот и обем на здравствените услуги од специфичниот план и истите здравствената установа мора во целост да ги исполнува на квартално ниво, за да го обезбеди договорениот надоместок. Следењето на остварувањето на здравствените услуги утврдени во Планот за специфичниот вид и обем се спроведува на квартално ниво врз основа на фактурираните здравствени услуги и пресметката за остварениот планиран специфичен вид и обем, по истекот на секој квартал. Овие податоци потоа се споредуваат со податоците на Фондот добиени од ДСГ груперот за ДСГ услугите и податоците од контролите спроведени на терен во здравствените установи. Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем, Фондот по истекот на секој квартал ги намалува неискористените средства за таа намена. Но, на здравствените установи им се дава можност доколку во наредните квартали остварат износ повисок од предвидениот, односно доколку ги остварат и здравствените услуги предвидени во Планот за специфичниот вид и обем за изминатите квартали, покрај планираните за наредните квартали, Фондот ќе им ги врати средствата. За периодот април 2011 заклучно со март 2012 година План за специфичен вид и обем на здравствени услуги е договорен со девет здравствени установи, од кои една градска болница а останатите универзитетски клиники.*

***ТОЧКА 12**– Предлог за изменување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година*

*Врз основа на анализите од точките 10 и 11 на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

***за изменување на одлуката за утврдување договорните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година***

***ТОЧКА 13**– Предлог за утврдување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година*

*По оваа точка на дневниот ред, објаснување даде Татјана Лукановска. Наведе дека согласно член 12 од Правилникот за изготвување и донесување на Буџетот*

*за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување, Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување го донесува буџетот за јавните здравствени установи. Согласно одредбите на правилникот, по донесувањето на висината на договорните надоместоци од Фондот за следната година на последната седница на Управниот одбор, сите јавни здравствени установи добија известување за висината на договорниот надоместок од Фондот за следната година. По добивањето на известувањето јавните здравствени установи имаа рок до 15 ноември да достават Годишен финансиски план на приходи и расходи во пропишан писмен и електронски формат. За установите кои не доставија финансиски годишен план за 2012 година, Фондот согласно член 10 на правилникот во нивно име ги изготви годишните финансиски планови на приходи и расходи за 2012 година. Во делот на планираните сопствени средства стручната служба на Фондот направи предлог корекција на висината на доставените финансиски планови кај неколку јавни здравствени установи. Корекциите се направени имајќи ја предвид реализацијата на нивните сопствени приходи во 2011 година и очекувањата за реализација на средства во следната година согласно останатите фактори кои влијаат на очекуваните средства (нова опрема, нови услуги и сл). Јавните здравствени установи кај кои е направена корекцијата се наведени во работните материјали. Врз основа на направената проверка на доставените планови и корекцијата кај некои јавни здравствени установи, стручната служба на Фондот ги обедини годишните финансиски планови и предлага Управниот одбор да ги усвои.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2012 година***

***ТОЧКА 14***– *Предлог за изменување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот*

*Татјана Лукановска објасни оти стручната служба на Фондот увидела дека правилникот наметнува одредени ограничувања поради кои останувaат неискористени средства. Имено, согласно важечкиот правилник, постои можност Фондот еднаш во годината да направи редистрибуција на доделените квоти, односно средствата од аптеките кои имаат помала реализација на квотите да ги прераспредели на аптеките кои целосно ја реализирале квотата. Имајќи ја предвид потребата од подобра распределба на*

*квотите со цел да биде задоволена побарувачката за лекови на осигурениците во наредниот зимски период, Фондот направи симулација согласно одредбите на Правилникот, и подготви предлог за изменување и дополнување со кој ќе се овозможи поправилна и порационална редистрибуција на средствата. Прераспределба според важечкиот правилник би предизвикала намалување на определениот износ за лекови во наредниот период во кој се очекува зголемување на потребите на осигурениците, па предлагаме измена на одредени одредби на Правилник. Со измената се прави корекција на скалата за прераспределување на квотите со тоа што кај аптеките кои имаат ниска реализација, намалувањето на квотата би било помало, а кај аптеките кои скоро целосно ја реализирале квотата се предвидува поголемо зголемување на истата за 10 процентни поени. На овој начин Фондот во зимскиот период, за осигурениците ќе овозможи поголема достапност на лековите во сите аптеки со кои има склучено договор. Имајќи го предвид изнесеното, се предлага измена на Правилникот во споменатата насока.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот***
***за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот***

***ТОЧКА 15***– *Предлог за донесување на Одлука за изменување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година*

*Татјана Лукановска објасни дека врз основа на известувањето од Секторот за правни работи на Фондот, заради намалувања во бројот на стручниот кадар во одредени аптеки направени се нови пресметки на на месечниот износ на средства за аптеките согласно Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот. Се предлага да се измени одлуката заради утврдување на нови надоместоци за аптеките со промена во бројот на стручниот кадар.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2011 година***

***ТОЧКА 16****– Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита*

*По оваа точка на дневниот ред објаснување даде Татјана Лукановска. Наведе дека се предлагаат  измени и дополнувања на четири одлуки со кои се утврдуваат референтни цени на услуги. Најнапред се предлага утврдување на 11 респираторни пакети и еден алерголошки пакет за дијагностика и третман на респираторни заболувања кај деца. Предлог пакетите на здравствени услуги и нивните референтни цени се добиени како резултат на групирање на услуги специфични во дијагностиката и третманот на заболувања кај детската популација. Истите се вршат во установи кои располагаат со проширена палета на дијагностички и терапевтски алатки. Пакетите можат да се користат и во други здравствени установи кои задолжително располагаат со лабораторија, микробиологија и рентген дијагностика а третираат детска респираторна патологија. Предлог референтните цени се добиени врз основа на усвоена Методологија за утврдување на референтни цени на здравствени услуги/пакети земајќи ги во предвид реалните трошоци за медицинскиот труд, режиски трошоци, потрошен материјал и терапија.*

*Се предалага и  изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени за услуги во болничка здравствена заштита за акутни случаи заради утврдување на нови цени за  трансплантација на бубрег со трансплантација на панкреас со катастрофални компликации и трансплантација на бубрег со трансплантација на панкреас без катастрофални компликации. Првично утврдената референтна цена за овој вид на здравствена услуга не ги опфаќаше сите трошоци, бидејќи Фондот немаше податоци за реалните трошоци од изминатиот период, а здравствените установи не доставуваа релеватни податоци за истите.  Со вклучување на сите неопходни трошоци, и компарација на истите во другите држави, стручната служба оцени дека има потреба од зголемување на цената за трансплантација согласно дадениот предлог. Фондот очекува со оваа референтна цена да се обезбеди покривање на сите неопходни трошоци за изведување на оваа здравствена услуга во Македонија и со тоа да го поттикне развојот на центрите трансплантација во Македонија. Во наредниот период согласно на развојот на кадаверична трансплантација*

*Фондот планира да пресмета и донесе и цени за организација, експлантација и чување на органите обезбедни од кадаверите.*

*Со цел усвојување на единствени референтни цени за сите поединечни или групирани здравствени услуги од специјалистичко консултативната здравствена заштита, ФЗОМ во октомври испрати допис до сите здравствени установи за доставување на предлог референтни цени со калкулации, за сите здравствени услуги што се уште се евидентираат според Ценовникот на здравствени услуги на РМ од 1992.*

*Здравствените установи според однапред утврдена Методологија доставија предлог референтни цени за здравствени услуги кои ја опфаќаат вредноста на трудот на медицинскиот персонал, режиски трошоци, потрошни медицински материјали и останати трошоци. Од доставените предлози, Комисијата за утврдување на референтни цени ја детектираше потребата од донесување на цени за радиотерапија и онкологија, микробилогија, физиологија, патофизиологија и останати услуги кои се вршат на Медицински факултет - Институти, како и цени за болнички ден и дневна болница. По разгледување и анализа на предлозите, согласно утврдената Методологија, Комисијата предлага усвојување на повеќе пакети на завршени епизоди на лекување.*

*Се предлага и утврдување на 146 референтни цени за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за специјалистичко консултативна здравствена заштита кои се однесуваат на паразитологија, микологија, медицинска и експериментална биохемија, нуклеарна медицина, биохемиски анализи и имунологија со хумана генетика.*

*На Управниот обор се предлага усвојување на референтни цени за болничка здравствена заштита, за услуги кои не се опфатени по ДСГ методата и тоа-Утврдување на цена за дневна болница и Утврдување на цена за болнички ден за хоспитализирани осигурени лица во стационар.*

*Исто така, на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се предлага измена на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативна здравствена заштита, односно пролонгирање на рокот на употреба на пакетите за дополнување на основните пакети на медикаментозна терапија со специфични лекови од 01.01.2012 година на 01.04.2012 година.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за***
***утврдување на референтни цени на услуги во болничката***
***здравствена заштита за акутни случаи***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски***

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за дневна болница и болнички ден во болничка здравствена заштита***

*Во врска со пролонгирањето на рокот на употреба на пакетите за дополнување на основните пакети на медикаментозна терапија со специфични лекови од 01.01.2012 година на 01.04.2012, одлучи тоа да биде до 01.06.2012 година.*

*ТОЧКА 17– Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита*

*Татјана Лукановска наведе дека со цел да се изврши усогласувањето со Законот за здравствено осигурување кои го регулираат финансирањето на јавните здравствени установи кои поради трансформација имаат потреба за обезбедување на финансиски средства за целосно функционирање, како и да се изврши усогласување за начинот на искажување на здравствените услуги во примарната здравствена заштита во здравствените домови по примарни пакети, додатокот за терцијар во клиниките и додатокот за лекување на детската популација и акутни психијатриски случаи, се предлагаат измени на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетите на здравствените установи кои вршат превентивна здравствена заштита и итна помош, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита, Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените*

*установи кои вршат болничка здравствена заштита, и Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, превентивна и итна медицинска помош со домашно лекување. Потоа подетално ги објасни предложените измени.*

*По нејзиното излагање, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања на кои Татјана Лукановска даваше дополнителни објаснувања.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита***

***ТОЧКА 18***– *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, превентивна здравствена заштита и итна медицинска помош со домашно лекување*

*По објаснувањето и расправата по точката 18, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, превентивна здравствена заштита и итна медицинска помош со домашно лекување***

***ТОЧКА 19***– *Предлог за изменување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита*

*По објаснувањето и расправата по точката 18, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита***

***ТОЧКА 20***– *Предлог за утврдување на рамковниот договор за приватните здравствени установи за пациенти упатени на лекување во странство*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова објасни дека се предлага усвојување на договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги на осигурени лица во Фондот кои не се вршат во јавни здравствени установи од болничка здравствена заштита а се вршат во приватни здравствени установи во Република Македонија. Наведе дека согласно Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, Фондот може да склучува договори за болничко лекување во странство по претходно спроведена постапка за избор на странска болница за лекување, како и рамковни договори со приватни здравствени установи во земјата. Доколку здравствените услуги не се вршат во јавните здравствени установи од болничката здравствена заштита, а се вршат во приватните здравствени установи во Република Македонија со кои Фондот нема склучено договор, Фондот со приватните здравствени установи може да склучи рамковен договор.*

*Елена Трпковска праша зошто за оваа намена не се користи формата и содржината на договорот за обезбедување на кардиохируршки услуги а Татјана Лукановска објасни дека во овој случај не постојат утврдени цени на услугите како кај кардиохируршките, па затоа има разлики поради кои е потребен посебен договор. Потоа членовите на Управниот одбор дискутираа за текстот на договорот и поставуваа прашања на кои претставниците на Фондот даваа одговори. На крајот, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги на осигурени лица во Фондот кои не се вршат во јавни здравствени установи од болничка здравствена заштита а се вршат во приватни здравствени установи во Република Македонија***

***ТОЧКА 21***– *Анализа за реализацијата на средствата од буџетот на ФЗОМ и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари – септември 2011 година*

*Анализа за реализацијата на средствата од буџетот на ФЗОМ и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари – септември 2011 година ја*

*изложи Татјана Лукановска наведувајќи дека нејзината намена е за запознавање на Управниот одбор со реализацијата на средствата од буџетот на ФЗОМ и на буџетите на јавните здравствени установи за наведениот период.*

*По излагањето, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а Татјана Лукановска даваше дополнителни појаснувања.*

***ТОЧКА 22****– Анализа на остварени цели во јавните здравствени установи и приватните здравствени установи*

*И за оваа анализа Татјана Лукановска истакна дека е од информативен карактер по даваше објаснувања на прашањата од членовите на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 23****– Приговор за изречена дисциплинска казна од Трендафилка Пановска од ПС Пробиштип*

*Откако го разгледа приговорот на Трендафилка Пановска и мислењето на стручната служба на Фондот, Управниот одбор едногласно одлучи изречената парична казна во висина од 20% од платата во траење од два месеци, да ја замени со парична казна во висина од 10% од платата во траење од два месеци.*

*По разгледувањето на точката 23, поради неодложни обврски седницата ја напушти Љубиша Каранфиловски а Управниот одбор продолжи да работи со кворум од пет членови.*

***ТОЧКА 24****– Информација за имотот стекнат во стечајни постапки и Акциски план за негова продажба*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова ја изложи пред Управниот одбор Информацијата за имотот стекнат во стечајни постапки и го презентира акцискиот план за негова продажба.*

*По нејзиното излагање, дискутираа членовите на Управниот одбор при што побараа и добија и дополнителни објаснувања.*

***ТОЧКА 25****– Разгледување на барањето на финансиска позајмица од стечајниот управник на АД Оранжерии – Куманово*

*По оваа точка објаснување даде Христо Трповски. Наведе дека над АД за земјоделие индустрија и кооперација „Оранжерии“ – Куманово е отворена стечајна постапка во која и Фондот за здравствено осигурување е доверител.*

*Барањето на средства од стечајниот управник е заради зачувување на стечајната маса од која треба да се намират доверителите. Истовремено, зачувувањето на стечајната маса е законска обврска за стечајниот управник и за одборот на доверители. Бидејќи во моментов немало можност да се обезбедат средства од други извори, се предлага издвојување на средства од доверителите. Износот кој треба да го плаќа Фондот за чување на имотот е 3.840 денари месечно. Плаќањето ќе се врши додека за тоа има потреба, што значи дека доколку во постапката се обезбедат средства (со продажба на делови од стечајната маса), потребата за плаќање на средствата за обезбедување од страна на доверителите ќе престане. Со ангажирање на чувар ќе се обезбедат минималните услови за сочувување на имотот и понатамошно намирување на доверителите, меѓу кои е и Фондот. Со оглед што се работи трошоци на постапката со првенство на намирување ризикот за ненадоместување на трошоците во стечајната постапка е минимален.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да се плати бараниот износ за обезбедување на имотот на стечајниот должник доколку и Управата за приходи како доверител го плаќа за неа утврдениот дел.*

***ТОЧКА 26**– Разгледување на понудите за откуп на уделите на ФЗОМ во друштвото Методи Митевски Брицо од село Чешиново и во ДПТУ Полједелство од село Таринци*

*Управниот одбор откако ги разгледа двете понуди за откуп на уделите во друштвото Методи Митевски Брицо од село Чешиново и понудата за откуп на уделите во ДПТУ Полједелство од село Таринци, одлучи истите да ги одбие од причина што понудените износи се помали од вредноста на уделите што Фондот го има во овие друштва.*

***ТОЧКА 27**– Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2011 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Предложените измени и дополнувања на Планот за јавни набавки во 2011 година ги образложи Златко Алексов. Наведе дека се однсеуваат на повеќе ставки од Планот и дека се подготвени врз основа на барањата за измени и дополнувања од секторите во Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2011 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 28– Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на обрасци со утврдување на нов образец „Упат за сервисни услуги“*

*Врз основа на образложението од работниот материјал за седницата, заради утврдување на нов Образец УСУ (Упат за сервисни услуги), Управниот одбор едногласно донесе*

**Правилник**
**за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување**

*и*

**Одлука**
**изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување**

*ТОЧКА 29– Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита*

*Врз основа на образложението од работниот материјал за седницата, заради прецизирање на текстот на одлуката во делот на фактурирањето на скапите лекови , Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**
**за изменување на Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита**

*ТОЧКА 30– Предлог за донесување на нова Одлука за утврдување на надомест за издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување и надомест за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова потсети дека Одлука за утврдување на надомест за издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување и надомест за повторно активирање на блокирана електронска*

*картичка за здравствено осигурување Управниот одбор донесе на седницата одржана на 10 октомври 2011 година. Во меѓувреме се направени нови калкулации за цената и трошоците на издавање на нова картичка и за повторно активирање на блокирана, поради што се предлага да се донесе нова одлука со нови цени .*

*По објаснувањето, претседателот на Управниот одбор побара членовите да се произнесат за предлогот. Претседателот Јован Грповски, Елена Трпковска, Елизабета Србиновска Костовска и Јосиф Трајковски гласаа за донесување на одлуката, а Илија Глигоров глаасаше против. На тој начин Управниот одбор со мнозинство на гласови ја донесе предложената*

***Одлука***

**за утврдување на надомест за издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување и надомест за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување**

*ТОЧКА 31– Предлог за донесување Тарифник за услугите на Фондот при обезбедување на документи по службена должност*

*Предлогот за донесување на Тарифник за услугите на Фондот при обезбедување на документи по службена должност, Управниот одбор одлучи да се разгледа на следната седница, по што оваа точка беше симната од дневниот ред.*

*ТОЧКА 32 – Разно*

*Под точката разно немаше предлози за разгледување, па претседателот Јован Грповски во 14.30 часот ја затвори CVI -та седница на Управниот одбор.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***

*Согласен, директор:*
*М-р Маја Парнарџиева - Змејкова*
*Џемали Мехази*